СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# -ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ НА ЗАШТИТА НА ДЕЛОВНА ТАЈНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ-

## -компаративен преглед-

Есељ Лукрис
Аналитичар и истражувач по компаративно право и правни системи

Ноември 2023 година

## СОДРЖИНА


РЕЗИМЕ ... 2

ВОВЕД ... 3

I ЗАШТИТА НА ДЕЛОВНА ТАЈНА ВО ЕУ ... 3

I.1 Пет години подоцна: Имплементација на Директивата за деловни тајни ЕУ 2016/943 - Хармонизација на суштинските концепти и дефиниции ... 3

II ЗАШТИТА НА ДЕЛОВНА ТАЈНА И ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ... 4

II.1 Закони со кои е регулирана заштитата на деловната тајна ... 4

II.2 Нацрт-Закон за заштита на деловна тајна ... 6

III ЗАШТИТА НА ДЕЛОВНА ТАЈНА И ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА ... 7

IV ЗАШТИТА НА ДЕЛОВНА ТАЈНА И ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ ОД ЕУ ... 7

ЛИСТА НА ИЗВОРИ ... 13

**РЕЗИМЕ**

Земјите членки на ЕУ пред пет години ја завршија имплементацијата на **Директивата ЕУ 2016/943 за заштита на неоткриени знаења и искуства и трговски информации (деловни тајни) од незаконско прибавување, користење и употреба**[1]. Важноста на деловните тајни за иновациите е широко признаена, но ранливоста на некои национални законодавства во овој поглед е погодна да ја загрози заштитата на деловните тајни во сите земји-членки на ЕУ, чии економии се високо интегрирани во внатрешниот пазар. Благодарение на **Директивата** 2016/943, настанаа промени во националните законодавства. Така на пример:

- ✓ се создаде поуниформна правна рамка во ЕУ;
- ✓ се нагласи важноста на деловните тајни, што доведе до поголемо внимание меѓу европските бизниси и практичари;[2]

Во однос на правната рамка за заштита на деловната тајна во **Република Северна Македонија**, отсуствува **lex specialis**. Сепак, и покрај тоа што заштитата на деловната тајна кај нас сè уште не е уредена со посебен специјален закон, во земјава постојат и се применуваат други механизми за заштита на деловна тајна. Така, на пример, согласно Законот за трговските друштва постои можност ваков тип прашања да бидат уредени со различни интерни акти (договор за основање, статут) на друштвото, правилници и слично.
Во соседна **Република Србија, Република Хрватска** како и во **Република Словенија** постојат посебни закони со коишто се регулира правната рамка за заштита на деловната тајна.

Дополнително, како пример земји се обработени **Кралството Шведска** и **Република Австрија** каде што, исто така, се имплементира Директивата ЕУ 2016/943.

[1] Directive (EU) 2016/943 of the European Parliament and of the Council of 8 June 2016 on the protection of undisclosed know-how and business information (trade secrets) against their unlawful acquisition, use and disclosure, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32016L0943 , пристапено на 1.11. 2023

[2] Податоците се преземени од интернетската страница Lexology, Five years on: Implementation of the Trade Secrets Directive - Harmonisation of substantive concepts and definitions, https://www.lexology.com/library/detail.aspx?g=2deea8c0-7de7-494e-89c7-cffe020debb7 , пристапено на 20.11.2023

## ВОВЕД

Со оваа истражувачка работа е опфатена правната рамка за заштита на деловната тајна во Република Северна Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, Шведска и Австрија.

Оваа истражувачка работа е изработена по сопствена иницијатива, согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.

## I ЗАШТИТА НА ДЕЛОВНА ТАЈНА ВО ЕУ

Во меѓународни рамки во однос на заштитата на деловната тајна важни се два акти: **Директивата ЕУ 2016/943 за заштита на неоткриени знаења и искуства и трговски информации (деловни тајни) од незаконско прибавување, користење и употреба**[3]. Основната цел на **Директивата на ЕУ 2016/943** е да обезбеди хармонизирани правила во однос на дефиницијата на деловна тајна, обемот на заштита, како и правните средства кои служат за заштита на деловната тајна, посебни одредби во однос на граѓанската постапка, судската постапка итн.

### I.1 Пет години подоцна: Имплементација на Директивата за деловни тајни ЕУ 2016/943 - Хармонизација на суштинските концепти и дефиниции

Европската комисија објави **Студија за правната заштита на деловните тајни во базите на економските податоци.**[4] Извештајот открива дека иако размената на податоци станува сè поголема, она што недостига на споделување податоци е заштитата и користењето на споделените податоци преку деловни тајни. Само мал број компании имаат сеопфатно разбирање за тоа како да ги применат деловните тајни во контекст на споделените податоци. Ова делумно се должи на релативно неодамнешното воведување на Директивата за деловни тајни на ЕУ и тековниот развој на практики за управување со интелектуална сопственост кај многу фирми кои почнуваат да ги инкорпорираат деловните тајни.

Деловните тајни во голема мера се разликуваат во нивната форма и содржина. Накратко, најважните барања за деловните тајни се следниве: информациите означени како деловна тајна се чуваат како доверливи, информациите имаат комерцијална вредност и сопственикот на деловната тајна има спроведено разумни мерки за да ја заштити нејзината доверливост. Во пракса, ознаката за деловна тајна првенствено се користи како дополнителен слој на заштита, обично по формулирањето на договор, што е преферирран метод за заштита на податоците. Деловните тајни служат и како алатка за спречување на неовластена употреба од страна на трети лица со кои не постои договорен однос.

[3] Directive (EU) 2016/943 of the European Parliament and of the Council of 8 June 2016 on the protection of undisclosed know-how and business information (trade secrets) against their unlawful acquisition, use and disclosure, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32016L0943 , пристапено на 1.11. 2023

[4] Европска Комисија, "Study on the legal protection of trade secrets in the context of the data economy" https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/c0335fd8-33db-11ed-8b77-01aa75ed71a1/language-en/format-PDF/source-267469968 , пристапено на 20.11.2023

Клучните наоди од објавената студија се:

- ✓ дека споделувањето податоци и заштитата на податоците преку деловни тајни ќе бидат сè поважни во иднина.
- ✓ Директивата на ЕУ за деловни тајни е релативно нова, а фирмите сè уште се прилагодуваат на нејзините одредби. На многу компании им недостасува јасна сопственост на деловните тајни, особено во контекст на споделување податоци, што доведува до неодамнешен развој на специфични политики.
- ✓ Компаниите почнуваат да ги разгледуваат деловните тајни како втор слој на заштита, кој се користи кога договорите (како префериран метод на заштита) не успеваат во тоа. Деловните тајни служат и како средство за спротивставување на злоупотребата од трети страни без договорни односи.
- ✓ Прецизното значење на дефиниравчките елементи на деловните тајни, како на пример, кога споделените податоци се квалификуваат како комерцијално вредни, што претставуваат „разумни чекори“ и кога податоците се сметаат за тајна, останува нејасно поради недостаток на европска судска пракса.
- ✓ Влијанието на заштитата на деловните тајни врз споделувањето податоци варира. Многу фирми се спремни да споделат податоци, но се двоумат поради несигурности, страв од губење контрола врз податоците или загриженост за правично споделување на придобивките и профитот откако податоците ќе се споделат.[5]

## II ЗАШТИТА НА ДЕЛОВНА ТАЈНА И ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во однос на правната рамка за заштита на деловната тајна во Република Северна Македонија, отсуствува **lex specialis**. Сепак, и покрај тоа што заштитата на деловните тајни кај нас се уште не е уредена со посебен специјален закон, во земјава постојат и се применуваат други механизми за заштита на деловна тајна. Така, на пример, согласно **Законот за трговските друштва** постои можност ваков тип на прашања да бидат уредени со различни интерни акти (договор за основање, статут) на друштвото, правилници и слично.

### II.1 Закони со кои е регулирана заштитата на деловната тајна

- ✓ Со **Законот за работните односи**[6] е регулирана обврската на чување на деловна тајна и во него е предвидено дека работникот не смее да ги користи за сопствена употреба или да ги предаде на трето лице податоците кои претставуваат деловна тајна на работодавачот, кои со

[5]Податоците се преземени од интернетската страница Lexology, https://www.lexology.com/library/detail.aspx?g=e7df6be2-953d-447c-8bed-93fb3b7ea172 , пристапено на 20.11.2023

[6] ЗАКОН ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), пристапено на 2.11.2023

посебен акт се определени како такви од страна на работодавачот и кои му биле доверени на работникот или со кои тој бил запознаен на друг начин. Притоа, работникот е одговорен за издавање на деловната тајна ако знаел или морал да знае за тајноста на податоците. Секој работник кој доаѓа во контакт со материјали, информации и податоци кои се класифицирани како деловна тајна е должен да ја чува тајната на истите. Истото важи и за претставниците на работниците и експертите што им помагаат, кои не смеат на работниците или на трети страни да им откриваат информации од таков карактер кои им биле кажани во доверба. Обврската за чување на деловната тајна продолжува да важи и по завршувањето на мандатот/престанок на работниот однос.[7] Исто така, работодавачот може да го отпушти работникот од работа ако тој оддаде деловна/службена тајна.[8]

- ✓ Одредби во врска со чување на деловна тајна се содржани и во **Законот за облигационите односи**. Имено, ако во облигациониот однос меѓу две договорни страни, едната страна во текот на преговорите ѝ дала на другата страна доверливи информации, другата страна не смее да ги направи тие информации достапни на трето лице, ниту да ги користи за свои интереси, без разлика дали договорот ќе се склучи или не. Информации кои се сметаат за доверливи, правното лице ги утврдува со општ акт.[9]
- ✓ **Законот за трговските** друштва содржи одредби за заштита на деловната тајна. Така на пример, управителот е должен да ги води работите на друштвото со внимание на уреден и совесен трговец и да ја чува деловната тајна на друштвото.[10] Членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што на кој било начин се однесуваат на работењето на друштвото, а кои ги добиле како доверливи.[11] Извршните членови на одборот на директори, односно членовите на управниот одбор или управителот на друштвото се должни да му овозможат на овластениот ревизор увид во целокупната документација, вклучително и она што се смета за деловна тајна.[12]
- ✓ **Законот за банките** содржи одредби за заштита на деловна тајна односно банкарската тајна. Имено, документите, податоците и информациите кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности за поединечни лица и трансакции со поединечни лица, како и за депозитите на поединечни лица претставуваат банкарска

[7] ЗАКОН ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 36, пристапено на 2.11.2023

[8] ЗАКОН ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 82, пристапено на 2.11.2023

[9] ЗОО(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 154/23), член 22, пристапено на 14.11.2023

[10] Закон за трговските друштва, член 241, пристапено на 15.11.2023

[11] Закон за трговските друштва, член 361, пристапено на 15.11.2023

[12] Закон за трговските друштва, член 479, пристапено на 15.11.2023

тајна која банката е должна да ја заштити и чува. Лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените во банката, кои имаат пристап до документите, податоците и информациите како и лицата кои преку давање услуги на банката имаат пристап до документите, податоците и информациите се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица.[13]

- ✓ Посебна важност имаат одредбите содржани во **Законот за парничната постапка[14]** кои имаат за цел да овозможат заштита на деловната тајна во постапката која се спроведува пред судот. Овие одредби се важни бидејќи судската постапка е постапка во која двете страни во своја одбрана треба да можат да изнесат разни информации кои понекогаш имаат карактер и на деловна тајна. Во таа смисла, се работи за чувствителни процедури во кои заштитата на деловната тајна е неопходна[15].
- ✓ Согласно, **Кривичниот законик** оддавањето и неовластеното прибавување деловна тајна се смета за кривично дело казниво со затворска казна во траење од една до пет години, од три месеци до три години или од една до десет години, зависно колкава штета ќе се предизвика со оддавањето на податоците и информациите.[16]

## II.2 Нацрт-закон за заштита на деловна тајна

Во Владата на Северна Македонија во завршна фаза на подготовка е Нацрт-законот за заштита на деловна тајна објавен на ЕНЕР, со кој се врши усогласување со Директивата ЕУ 2016/943 за заштита на неоткриени знаења и искуства и трговски информации (деловни тајни) од незаконско прибавување, користење и објавување.[17]

Со нацрт-законот за заштита на деловна тајна се уредува заштитата на деловната тајна од незаконско стекнување, користење и откривање. Согласно одредбите од нацрт-законот, **„деловна тајна“** е информација која ги исполнува следните услови:

- ✓ информација која како целина или во поглед на структурата и збирот на составните компоненти не е општо позната или лесно достапна на лицата кои во рамките на своите активности вообичаено доаѓаат во контакт со ваков вид на информации;

[13] ЗАКОН ЗА БАНКИТЕ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 122/21), член 111 и член 112, пристапено на 14.11.2023

[14] Закон за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15), член 217-г, пристапено на 28.11.2023

[15] Податоците се преземени од интернетската страница Академика, https://akademik.mk/delovnata-tajna-kako-nachin-na-postignuvanje-na-konkurentska-prednost-iskustvata-na-makedonskata-i-sporedbenata-praktika-i-pravna-ramka/, пристапено на 28.11.2023

[16] КЗ(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23) , член 281, пристапено на 14.11.2023

[17] Текстот на нацрт законот е достапен на ЕНЕР на следниот линк https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=81037, пристапено на 28.11.2023

- ✓ има комерцијална вредност бидејќи е тајна и
- ✓ лицето кое законски ги контролира информациите во дадените околности презело **разумни мерки** за да ја зачува нејзината тајност.[18]

**Разумни мерки** за зачувување во тајност на информацијата се сметаат, меѓу другото, изработка интерен акт за ракување со деловна тајна и кругот на лица и нивните права и обврски при ракување со деловна тајна, мерките за физичка или електронска заштита на пристапот и ракувањето со деловна тајна, означување на документи со ознака „деловна тајна“ или слична ознака, ограничување на пристап во простории и датотеки во кои се наоѓаат информации кои се сметаат за деловна тајна или склучување на договор за доверливост, односно неоткривање доверливи информации со лица кои потенцијално можат да дојдат до деловната тајна, вклучително и вработените, деловните партнери, надворешните соработници и консултанти, односно потпишување изјави за доверливост или неоткривање на доверливи информации од страна на наведените лица.[19]

## III ЗАШТИТА НА ДЕЛОВНА ТАЈНА И ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Во **Република Србија** има посебен законски пропис кој претставува **lex specialis**, со кој се третираат механизмите за заштита на деловната тајна. Во 2021 година е донесен нов **Закон за заштита на деловна тајна**[20]. Законот е посветен на уредување на прашањето за деловната тајна. Со законот се уредува правната заштита на деловните тајни од незаконско стекнување, користење и откривање.[21]

За деловна тајна се сметаат информациите што ги исполнуваат следните услови:

(1) да претставуваат тајна бидејќи не се општо познати или лесно достапни за лицата кои во текот на нивните активности вообичаено доаѓаат во контакт со овој вид информации, во однос на структурата и збирот на нивните составни делови,

(2) да имаат комерцијална вредност бидејќи претставуваат тајна;

(3)лицето кое законски ги контролира да презело разумни мерки според околностите за зачувување на нивната тајност.[22]

## IV ЗАШТИТА НА ДЕЛОВНА ТАЈНА И ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ ОД ЕУ

Во **Република Хрватска** во 1996 година е донесен Законот за заштита на тајноста на податоците, каде што во главата осум е уредено прашањето за **деловната тајна**, а во главата девет е уредено прашањето за **професионална тајна**. Сепак, во 2007 година донесен е **нов Закон за тајност на**

[18] Предлог-Закон за заштита деловна тајна, член 2, пристапено на 24.11.2023
[19] Предлог-Закон за заштита деловна тајна, член 2 став 3, пристапено на 24.11.2023
[20] Закон за заштита на деловна тајна, https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_zastiti_poslovne_tajne.html , пристапено на 9.11.2023
[21] Закон за заштита на деловна тајна, https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_zastiti_poslovne_tajne.html , член 1, пристапено на 9.11.2023
[22] Закон за заштита на деловна тајна, https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_zastiti_poslovne_tajne.html , член 2, пристапено на 9.11.2023

**податоците**[23], со кој престанува да важи претходниот Закон за заштита на тајноста на податоците од 1996 година, освен главите осум и девет кои се однесуваат на деловна тајна и на професионална тајна.[24] Новиот **закон** го дефинира концептот на класифицирани и некласифицирани податоци, степени на тајност, постапки за класификација и декласификација, пристап до класифицирани и некласифицирани податоци и сл. Законот се применува во државните органи, органите на единиците на локалната и регионалната самоуправа, правните лица со јавни овластувања и правните и физичките лица кои во согласност со овој закон добиваат пристап или се занимаваат со класифицирани и некласифицирани податоци.[25]

Исто така, во 2018 година во сила стапува **Законот за заштита на необјавени информации со пазарна вредност.**[26] Со Законот се утврдуваат и уредуваат предусловите за заштита и процедуралните правила за заштита од незаконско стекнување, користење и оддавање деловни тајни поврзани со необјавени информации кои имаат пазарна (комерцијална) вредност.[27] Согласно законот, **класифицирана информација** е онаа која надлежниот орган во пропишаната постапка ја определил како таква и за која е утврден степенот на тајност, како и информација што била така одредена и предадена на Република Хрватска од друга земја, меѓународна организација или институција со која Република Хрватска соработува. [28] Покрај, законите во важност се и низа правилници кои ја регулираат токму оваа област. Така, на пример, државните органи кои ја спроведуваат постапката за класификација на податоците подетално ги елаборираат критериумите за утврдување на степените на тајност на податоците од нивниот делокруг на работа. Токму затоа во сила се низа правилници:

- Правилник за тајност на податоците од одбраната;
- Правилник за доверливост на податоците на Државната управа за заштита и спасување;
- Правилник за критериуми за утврдување на степенот на доверливост на податоците од Министерството за здравство и социјална заштита;
- Правилник за критериуми за утврдување на степенот на тајност на податоците на Министерството за правда на Република Хрватска;
- Правилник за тајност на службените податоци на Министерството за внатрешни работи;

---

[23] Zakon o tajnosti podataka NN 79/07, 86/12, https://www.zakon.hr/z/217/Zakon-o-tajnosti-podataka , пристапено на 8.11.2023
[24] Податоците се преземени од интернетската страница Академика, https://akademik.mk/delovnata-tajna-kako-nachin-na-postignuvanje-na-konkurentska-prednost-iskustvata-na-makedonskata-i-sporedbenata-praktika-i-pravna-ramka/, пристапено на 8.11.2023
[25] Zakon o tajnosti podataka NN 79/07, 86/12, https://www.zakon.hr/z/217/Zakon-o-tajnosti-podataka , член 1 , пристапено на 8.11.2023
[26] Законот за заштита на необјавени информации со пазарна вредност, https://www.zakon.hr/z/1017/Zakon-o-za%C5%A1titi-neobjavljenih-informacija-s-tr%C5%BEi%C5%A1nom-vrijednosti , пристапено на 8.11.2013
[27] Законот за заштита на необјавени информации со пазарна вредност, https://www.zakon.hr/z/1017/Zakon-o-za%C5%A1titi-neobjavljenih-informacija-s-tr%C5%BEi%C5%A1nom-vrijednosti , член 1 , пристапено на 8.11.2013
[28] Законот за заштита на необјавени информации со пазарна вредност, https://www.zakon.hr/z/1017/Zakon-o-za%C5%A1titi-neobjavljenih-informacija-s-tr%C5%BEi%C5%A1nom-vrijednosti , член 2 став 2 , пристапено на 20.11.2013

- Правилник за критериуми за класификација на податоците од делокругот на Државниот завод за радиолошка и нуклеарна безбедност;
- Правилник за критериуми за утврдување на степенот на доверливост на податоците на Кабинетот на претседателот на Република Хрватска;
- Правилник за критериумите за утврдување на степените на тајност на податоците на Државниот адвокатски совет.[29]

Во **Република Словенија**, од 2019 година во сила е **Законот за деловни тајни**[30]. Со **законот** се уредува областа на деловните тајни, правилата за утврдување и заштита на деловните тајни од нивно незаконско стекнување, користење и откривање.[31] Деловната тајна опфаќа неоткриена експертиза, искуство и деловни информации кои ги содржат следните елементи:

- Деловната тајна мора да е тајна која не е општо позната или лесно достапна за лицата во круговите кои вообичаено се занимаваат со овој вид информации;
- Деловната тајна мора да има пазарна вредност;
- Имателот на деловната тајна мора да презема разумни чекори според околностите да ја чува во тајност.[32]

Во **Кралството Шведска**, заштитата на деловните тајни е регулирана со Законот за деловни тајни од 2018 година. Законот, кој ги спроведува одредбите од Директивата ЕУ 2016/943 за заштита на неоткриени знаења и искуства и трговски информации (деловни тајни) од незаконско прибавување, користење и употреба, и кој стапи на сила на 1 јули 2018 година и го укина Законот за заштита на трговските тајни од 1990 година. Законот за деловни тајни од 2018 година дава сеопфатна дефиниција за поимот **„деловна тајна“.** Деловната тајна се однесува на информации:

- ✓ кои се однесуваат на деловните или работните услови во бизнисот на трговецот или активностите на истражувачката институција;
- ✓ За информации кои не се општо познати или лесно достапни за поединци кои вообичаено имаат пристап до информации од релевантниот вид;
- ✓ За информации за коишто имателот презел разумни чекори за чување во тајност;
- ✓ и за информации чие објавување би можело да предизвика конкурентна штета на имателот на информацијата.[33]

[29] Законот за заштита на необјавени информации со пазарна вредност, https://www.zakon.hr/z/1017/Zakon-o-za%C5%A1titi-neobjavljenih-informacija-s-tr%C5%BEi%C5%A1nom-vrijednosti , член 10, пристапено на 20.11.2013
[30] Zakon o poslovni skrivnosti, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO7758, 10.11.2023
[31] Zakon o poslovni skrivnosti, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO7758, член 1 , 10.11.2023
[32] Zakon o poslovni skrivnosti, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO7758, член 2 , 10.11.2023
[33]Податоците се преземени од интернетската страница Lexology, https://www.lexology.com/library/detail.aspx?g=2543824f-198e-40cc-a7e0-e625ad5d909f, пристапено на 14.11.2023

**Сопственост - Како се утврдува сопственоста на деловна тајна?**

Законот за деловни тајни од 2018 година не го регулира ова прашање. Прашањето за правилниот носител на деловна тајна треба да се определи според општите принципи на граѓанското право. Во однос на деловните тајни генерирани од вработените како од подготвителните работи на Законот за деловни тајни, така и од судската пракса, очигледно е дека таквите генерално се сметаат за поседувани од работодавачот.[34]

**Тајност - Кои критериуми се користат за да се утврди состојбата на тајноста на деловната тајна пред злоупотреба или откривање?**

Состојбата на тајност и разумните чекори коишто треба да се преземат за да се обезбеди истата варираат во зависност од видот на информацијата, природата на односот со кругот на луѓе на кои им е доверена информацијата (т.е., во долго воспоставените трговски односи, прагот вообичаено не би бил толку висок како во случајот на нововоспоставени трговски односи) и слични фактори. Треба да се напомене дека апсолутна тајност не е потребна за информацијата да се смета за деловна тајна.[35]

**Комерцијална вредност - Како се утврдува комерцијалната вредност на деловната тајна?**

Еден од условите за одредена информација да се третира како деловната тајна е нејзиното објавување да предизвика конкурентна штета за имателот. Сепак, не постои услов дека може да се покаже вистинската штета од конкуренцијата во конкретниот случај. Доволно е разумно да се претпостави дека таквата конкурентна штета произлегува од таквото обелоденување.[36]

**Заштитни мерки - Кои критериуми се користат за да се утврди дали носителот на правата усвоил разумни заштитни мерки за да спречи откривање и злоупотреба на деловни тајни?**

Имателот на информацијата мора да преземе разумни чекори за одржување на тајноста на информацијата која ја поседува. Дали имателот усвоил разумни заштитни мерки за да спречи откривање и злоупотреба на деловни тајни зависи од специфичните околности на секој случај. Општо земено, одреден степен на активност е потребен од имателот за да се одржи доверливата природа на информациите. Сепак, не постојат конкретни стандарди што треба да се почитуваат. Сè уште нема доволна судска пракса во Шведска за тоа кои дејствија претставуваат разумни чекори. Сепак, воспоставувањето договори за доверливост, безбедното складирање на информациите, инсталирањето ограничувања за пристап до информациите или воведувањето системи за следење и обезбедувањето дека поединците кои ракуваат со информациите знаат дека тие се доверливи се препознаени како разумни заштитни мерки за да се спречи откривање и злоупотреба на деловни тајни .[37]

**Република Австрија** ја имплементираше Директивата ЕУ 2016/943 за заштита на неоткриени знаења и искуства и трговски информации (деловни тајни) од незаконско прибавување, користење и употреба, со воведување нови одредби во Законот за нелојална конкуренција.

[34] Ibid.
[35] Ibid.
[36] Ibid.
[37] Ibid.

Така, на пример, под поимот, „деловна тајна“ се подразбира информација која ги исполнува сите од следниве елементи:

- ✓ деловна тајна е тајна, бидејќи не е општо позната или лесно достапна за лицата во круговите кои вообичаено се занимаваат со видот на информации за кои станува збор;
- ✓ деловната тајна има комерцијална вредност затоа што е тајна;
- ✓ лицето кое е законски овластено да располага со информациите, мора да презема разумни чекори во зависност од околностите, за информацијата да се чува во тајност.[38]

Деловните тајни може да бидат преносливи и/или лиценцирани. Исто така, дозволена е сосопственост на деловни тајни.[39]

Постојат неколку средства за заштита за работодавачот да избегне злоупотреба на деловните тајни од неговите вработени. На пример, работодавачот може да ги ограничи активностите на работникот за време и по завршувањето на работниот однос со договарање (исто така постдоговорни) клаузули за конкуренција или може да ја постигне заштитата на доверливите информации со договарање на обврски за доверливост.

Од перспектива на Законот за работни односи на Австрија, особено се применуваат следните мерки за доверливост:

- ✓ Договорни обврски за доверливост и за време на работниот однос и по престанок на работниот однос;
- ✓ Договори за сопственост на креациите на вработените;
- ✓ Договорна забрана на конкуренција за време на работен однос (над законски бараниот минимум);
- ✓ Договорни откази (над законски бараниот минимум);
- ✓ Клаузула за пост-договорна конкуренција, како и клаузули за забрана за преземање на клиентите на компанијата по заминување на работникот;
- ✓ Договори за заштита на податоци;
- ✓ Технички средства, така што вработените имаат пристап само до оние документи со кои навистина треба да работат. Овие технички средства треба да бидат многу добро документирани (т.е. со протоколи за пристап) и исто така треба добро да се почитуваат (т.е. истраги треба да се спроведат во случај на прекршување).

Ваквите договорни мерки можат да бидат дел од договорот за вработување или договорени во дополнителни договори. Може да се договори и договорна казна за прекршување на обврските за доверливост, како и договори за неконкурентност.[40]

На 7 јули 2023 година, австриското национално собрание ги усвои измените на **Кривичниот законик** и **Законот за нелојална конкуренција за зајакнување на заштитата на деловните и трговските тајни и олеснување на борбата**

[38]Податоците се преземени од интернетската страница, Law Tax Future, https://cms.law/en/int/expert-guides/cms-expert-guide-to-trade-secrets/austria , пристапено на 15.11.2023
[39] Ibid.
[40] Ibid,

**против индустриската шпионажа**. Во Кривичниот законик се мултиплицираат казните за кршење или шпионирање на деловни и трговски тајни. Со тоа, се воведува зголемување на казната затвор за повреда на деловна и трговска тајна до две години наместо досегашната максимална казна од шест месеци. Издавање на деловни тајни се осудува до 3 години затвор, а во случај издавањето да биде во корист на странски земји – надвор од Австрија – се соочува со затворска казна од 6 месеци (минимална казна) до 5 години.[41]

Изработила: Есељ Лукрис
Одобрила и согласна: Фани Коровешовска Коларовска

Раководител на Парламентарен институт

___________________________________

Златко Атанасов

[41]Податоците се преземени од интернетската страница Тејлор Весинг, https://www.taylorwessing.com/en/insights-and-events/insights/2023/07/increased-protection-of-business-and-trade-secrets-in-austria , пристапено на 15.11.2023

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Directive (EU) 2016/943 of the European Parliament and of the Council of 8 June 2016 on the protection of undisclosed know-how and business information (trade secrets) against their unlawful acquisition, use and disclosure, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32016L0943
2. ЗАКОН ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23);
3. ЗОО(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 154/23) ;
4. Закон за трговските друштва;
5. Zakon o tajnosti podataka NN 79/07, 86/12, https://www.zakon.hr/z/217/Zakon-o-tajnosti-podataka ;
6. Податоците се преземени од интернетската страница Академика, https://akademik.mk/delovnata-tajna-kako-nachin-na-postignuvanje-na-konkurentska-prednost-iskustvata-na-makedonskata-i-sporedbenata-praktika-i-pravna-ramka/ ;
7. Zakon o tajnosti podataka NN 79/07, 86/12, https://www.zakon.hr/z/217/Zakon-o-tajnosti-podataka ;
8. Законот за заштита на необјавени информации со пазарна вредност, https://www.zakon.hr/z/1017/Zakon-o-za%C5%A1titi-neobjavljenih-informacija-s-tr%C5%BEi%C5%A1nom-vrijednosti ;
9. Zakon o poslovni skrivnosti, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO7758 ;


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384